Бр./Nr 12-2777/4
17-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на ден 12.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријавата со број 12-2777/1 од 15.10.2025 година, поднесена против Министерството за ---------------------- поради сомневање за незаконско рекламирање и промовирање на образовни кампањи и проекти во изборен период 2025 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што во предметниот случај не е констатирано прекршување на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2777/1 од 15.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 15.10.2025 година, доставена е пријава од непознат подносител до ДКСК, против Министерството ----------------------------, со наводи за сомневање за незаконско рекламирање и промовирање на -------------------- кампањи и проекти во изборен период 2025 година.
Со цел утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави Барање за доставување на информации до Министерството за образование и наука(МОН).
Постапувајќи по Барање на ДКСК, МОН на 31.10.2025 година достави одговор со арх.бр.----------------------- од 29.10.2025 година, во кој се наведува дека станува збор за следното:
-------- спроведува национална кампања насловена „-------------------------------“, чија цел е подигнување на јавната свест за суштинската важност на знаењето и незаменливата улога на наставниците во општеството. Заради спроведување на горенаведената кампања, ------

на 26.03.2025 година склучил Договор со ---------------- ДОО-Скопје, оператор кој бил избран преку постапка спроведена согласно правила и критериуми на Светската Банка, од каде се обезбедени и финансиските средства за реализација на договорот/кампањата. Во одговорот ------- наведува и дека кампањата е поддржана од Уницеф и Сојузот на просветни работници на Македонија.
По потпишување на договорот, по повод 5-ти Октомври – Светскиот ден на наставниците, се започнати активностите на кампањата, со тоа што е одржана првата панел дискусија посветена на важноста на знаењето и наставниците. Видео материјали од наведената активност се споделени на социјални мрежи, интернет портали и радио станици согласно медиа план на избраниот оператор (без да се споменува министерството/министер).
Оваа кампања е предвидена во Програмата за работа на министерството и исто така, овие активности се дел и од Планот за јавни набавки на Проектот за унапредување на основното образование-PEIP при -----------, одобрен од Светската Банка.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК утврди дека во пријавениот случај не е констстирано прекршување на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно, МОН договорот за спроведување на предметната кампања го склучил со економски оператор избран преку постапка финасирана од Светка банка, пред донесување на решението за распишување на Локалните избори 2025 година. Следствено, произлегува дека не се потврдуваат пријавените наводи за незаконско рекламирање на МОН и промовирање на образовни кампањи и проекти во изборен период 2025 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека во пријавениот случај нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК